РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-740/1
16-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на 46-та седница одржана на ден 12.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 3487 од 2019 година, оформен по анонимна пријава со бр. 12 - 3487/1 од 10.08.2019 година доставена од поранешен вработен во АД ------- - -------- од --------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3487 од 2019 година, во предметниот случај постапува друг надлежен орган .

Предметот со број 12-3487 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 3487 од 2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со бр. 12 - 3487/1 од 10.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од поранешен вработен во АД ------- - -------- од --------.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незаконитости во претпријатието АД ------- - -------- од --------, по однос на незаконито располагање со имотот во сопственост на ова претпријатие и неправилно работење на управителот на истото, лицето ------- -------- од с. --------.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Управата за јавни приходи за информации и податоци во врска со предметниот случај. По барањето на Државната комисија доставено е известување со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во пријавата се наведува дека именуваното претпријатие располагало со голем имот во ---------, (*стоковна куќа, две продавници: продавница бр.- и продавница бр.-, три стоваришта бр.-- , бр .- и бр.-*), а кој имот од страна на наведеното правно лице бил стопанисуван и издаван под кирија но, не биле пријавувани приходите од закупнините, не се плаќало данок итн., а исто така никој не знаел дали, колку и

како од наведениот имот бил отуѓен односно продаден. Во доставената пријавата се известува и дека над наведеното претпријатие била водена стечајна постапка во која за стечаен управник било назначено лицето --------- -----------------, а потоа како директор на истото било поставено лицето -------- --------- вработен како контролор, кое откако станало директор на АД ------- - --------- во почетокот почнал да работи добро, ги издавал под кирија објектите, продавниците, стоковната куќа, работел и со --------- и се плаќало и даноци, но потоа еден по еден ги бркал работниците, не ги пријавувал закупнините и не плаќал данок. За сторените неправилности наведеното лице било пријавувано во Управата за јавни приходи но, според подносителот на пријавата некој го штител 25 години, на лицата што му помагале тој им дал награда од фирмата но, не ги наградил лицата што се бореле за неа.

Подносителот бара ДКСК да го испита предметниот случај по однос на тоа дали наведената фирма се уште постои и во која состојба се наоѓа, а исто така бара да се испрати инспекција за да се видишто се поседувало лицето ------- - -------- од с. --------.

- При извршени проверки од страна на ДКСК дојдено е до следните сознанија:

* Од податоци објавени на веб страниците на Управата за јавни приходи и Централен регистар, констатирано е дека наведениот правен субјект е евидентиран под називот Акционерско друштво за трговија и производство на градежни материјали, резана граѓа и финални производи од дрво -------- ----- ---- увоз - извоз ----------, истиот бил основан на 23.09.1961 година и во евиденцијата на ЦР на РСМ има правен статус на активен субјект во приватна сопственост, а како овластено лице и претседател на управен одбор е запишано лицето -------- ----------. Наведените податоци се содржани и во Тековната состојба за овој субјект која ДКСК ја прибави од електронската евиденција на ЦР на РСМ на ден 28.10.2020 година .

* Во службен весник број 25 од 23.05.1996 година во огласниот дел ---- ------ ----- е објавено следното: „Окружниот стопански суд во Скопје со решението Ст. бр. ------- од 25.IV. 1996 година објавува дека се одобрува присилно порамнување на стечајниот должник АД „---------------" - --------, во стечај и неговите доверители со следната содржина: Стечајниот должник АД „---------------" - --------, должен е да ги исплати обврските спрема доверителите во 100% износ со камата по Законот во рок од шест месеци сметано од одобреното присилно порамнување. Ова порамнување има правно дејност и спрема доверителите на стечајниот должник, чии побарувања стасале за наплата до 25.IV. 1996 година, иако не учествувале во постапката за присилно порамнување како и спрема доверителите кои учествувале во постапката, а чии побарувања се оспорени доколку накнадно истите се утврдат. Ова решение има сила на извршна исправа спрема сите доверители чии побарувања се утврдени во постапката за присилно порамнување. Секој учесник во постапката за присилно порамнување ги сноси своите трошоци. Се запира стечајната постапка над стечајниот должник АД „„---------------" - --------, отворена со решение на овој суд Ст. бр. -------- од 17. V. 1995 година, за в.д. директор на АД „---------------" - --------, се определува лицето --- ---- ----------- од ----------. - Од Окружниот стопански суд во Скопје. "

* На веб страницата на Македонска берза на 09 март 2018 година објавени се Податоци од финансиски извештаи и дивиденда на --------- ---------- АД ---------, а на објавениот документ со финансиски податоци за работењето на ова АД за 2017 година, како управител е потпишано лицето ------ -- ----------.

* На веб страницата на Министерство за финансии, објавено е дека Владата на Република Северна Македонија е основач на 14 јавни претпријатија и единствен акционер/содружник во 15 трговски друштва од кои 13 се акционерски друштва во државна сопственост, а 2 се ДООЕЛ-и во државна сопственост. Во листата објавена во делот - Финансиски податоци за 2020 - за Јавните претпријатија и трговски друштва во државна сопственост, го нема наведеното АД ------- - -------- од -----------, што значи дека ова друштво е друштво во приватна сопственост.

- На ден 23.11.2020 година, по барањето на ДКСК, доставено е известување од Управата за јавни приходи - Генерална дирекција Скопје - Генерален даночен инспекторат, со кое се известува дека од страна на Управата за јавни приходи е постапено по барањето на ДКСК и дека кај даночниот обврзник „---------------" - --------, била насочена надворешна контрола на данок на вкупен приход за период од 01.01.2016 -31.12.2019 година, а со цел проверка и на сознанијата наведени во пријавата доставена до ДКСК, која надворешна контрола била во тек.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека по однос на наводите од предметниот случај е постапено по барањето на ДКСК и кај предметниот правен субјект била започната постапка пред друг надлежен орган - Генералниот даночен инспекторат при Управата за јавни приходи во насока на надворешна контрола на данок на вкупен приход за период од 01.01.2016 -31.12.2019 година, а пред кој започнатата постапка е во тек и контролата се уште не била завршена. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 12 февруари 2021 година под бр. 12- 3758/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : Г.Т.,член на ДКСК